***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Број 1503-51/1***
***Скопје, 12.01.2006 година***

**До: Министерот на министерството за економија на Република Македонија**

**Од: Помошник главен државен ревизор,**

**Предмет: Вршење на ревизија на успешност на изворите и користење на средствата за купување/изградба на лабораторија за метрологија - Биро за метрологија и изворите и користењето на средствата за спроведување на кампањата "Сонце на годината" при Министерството за економија на РМ**

Ова известување претставува наш Конечен извештај за извршената ревизија на успешност.

Овој извештај се однесува на активностите и состојбите поврзани со изворите и користење на средствата за купување/изградба на лаборатории како и изворите и користење на средствата за спроведување на кампањата "Сонце на годината" на Министерството за економија на РМ. Временската рамка во која се случувале настаните поврзани со споменатите активности во Министерството за економија на РМ, како и тековното користење на средствата предвидени за овие намени, се однесува на периодот од 2004 и тековно во 2005 година до 15.07.2005 година. Сметаме дека нашето мислење позитивно ќе придонесе при понатамошно користење на овие средства или на други средства од други извори и за слични или други намени.

Министерството за економија на РМ не поднесе забелешки по Претходниот извештај на Овластениот државен ревизор.

Согласно Законот за државната ревизија член 27 став 5 на Конечниот извештај за извршената ревизија, законскиот застапник и одговорното лице на Министерството за економија на РМ за периодот за кој е вршена ревизијата имаат право да поднесат приговор во писмена форма, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на овој Конечен извештај. Ако раководството на субјектот се сложи со наодите или препораките, одговорот треба да ја содржи согласноста и планот со мерки за исправка на недостатоците утврдени во извештајот.

Истовремено, Ви благодариме за соработката од ваша страна кон нашата екипа во текот на ревизијата.

Приговорот можете да го доставите на следната адреса:

Државен завод за ревизија
Палата Македонија
"Маршал Тито" 12/3
Скопје

**Скопје, 11.01.2006 година**

**Тања Тасевска**
**Овластен државен ревизор**